# ПЛАН НА АКТИВНОСТИ
**за АЖУРИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година
и за НАДМИНУВАЊЕ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ИДЕНТИФИКУВАНИ во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата,
2021-2024 година**

Значење на изразите и кратенките:
Собрание - Собрание на Република Северна Македонија
ЈОРМ - Јавно обвинителство на Република Северна Македонија
ВС - Врховен суд на Република Северна Македонија
ССРМ - Судски совет на Република Северна Македонија
НБРМ - Народна банка на Република Северна Македонија
ДКСК - Државна комисија за спречување на корупцијата
АЗПСПИЈК - Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
ГСВ - Генерален секретаријат на Владата
КЗПВ - Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси
МП - Министерство за правда
МВР - Министерство за внатрешни работи
МФ - Министерство за финансии
МИОА - Министерство за информатичко општество и администрација
МЕ - Министерство за економија
МЗ - Министерство за здравство
МОН - Министерство за образование и наука
МЛС - Министерство за локална самоуправа
УФП - Управа за финансиска полиција
ЦУ - Царинска управа
УФР - Управа за финансиско разузнавање
АУОИ -Агенција за управување со одземен имот
АСЈО - Академија за судии и јавни обвинители
НВО - невладини организации (професионални и други граѓански здруженија/организации и асоцијации, како и стопански комори и други бизнис асоцијации)
ЗЕЛС - Заедница на единиците на локалната самоуправа
НСВОНИД – Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност
ВОУ – Високообразовни установи во РСМ
ДПИ-Државен просветен инспекторат
ЗСПИЈК - Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер
Координаторот - контакт лице на Тимот владини експерти кој ја спроведе самооценката за прегледот на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата, со статус септември 2018 година, во Република Македонија

| I. АЖУРИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ КОИ СЕ КЛУЧНИ ЗА ОПСЕРВАЦИИТЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Член на Конвенцијата | Информации/податоци кои треба да се ажурираат/доставаат | Надлежна институција | Соработка | Рок за доставување до МП/ координаторот |
| 1) | Политики и практики на превенција на корупцијата<br>Член 5<br>Став 1<br>Секоја Држава Страна подготвува и применува или следи, во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, политики на ефикасна превенција на корупцијата и координати што го фаворизираат учеството на општеството и ги изразуваат принципите на правната држава, доброто управување со јавните работи и државниот имот, интегритетот, транспарентноста и одговорноста. | - Основ за донесување на националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси и законски одредби кои ги утврдуваат начинот на донесување и задолжителни елементи;<br>- Активности за донесување анти-корупциски програми во министерствата. | МП | | Ноември 2021 год. |
| | | - Кратка информација за содржината на националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси и линк до објавениот документ;<br>- Утврден механизам и мерки за следење на имплементацијата на националната стратегија;<br>- Анализа на претходниот стратешки документ – државната програма и користење на истата во подготовката на националната стратегија;<br>- Активности за анти-корупциски политики во единиците на локалната самоуправа;<br>- Примери на учество на НВО кое резултирало со предвидување на мерки во националната стратегија и реализација на истите. | ДКСК | НВО | Ноември 2021 год. |
| 2) | Политики и практики на превенција на корупцијата<br>Член 5<br>Став 2 | - Одредби со кои се утврдени превентивни надлежности на ДКСК и превентивни мерки. | МП | | Ноември 2021 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Секоја Држава Страна настојува да спроведе и унапреди ефикасни практики за превенција на корупцијата. | - Мерки за унапредување на управувањето со ризици;<br>- Статистички податоци од областа управување со ризици, за годините 2018-2021. | МФ | | Јануари 2022 год. |
| | | - Статистички податоци во врска со примената на превентивните мерки (анти-корупциска проверка на легислативата, иницијативи за утврдување одговорност, мерки кои се однесуваат на изборниот процес, анкетни листови, превенција на судир на интереси, активности за едукација, лобирање, заштита на укажувачи, ограничување на дискрециони овластувања, за годините 2019-2021. | ДКСК | | Февруари 2022 год. |
| 3) | Политики и практики на превенција на корупцијата<br>Член 5<br>Став 3<br>Секоја Држава Страна настојува повремено да врши евалуација на правните инструменти и на соодветните административни мерки за да утврди дали тие се соодветни за превенција и борба против корупцијата. | - Информации за примената на методологијата за анти-корупциска проверка на легислативата – проверени закони, објавени извештаи, доставени/објавени мислења во врска со подготвени/донесени закони и прифатени и неприфатени забелешки, за годините 2019-2021.<br>- Информации за учество на ДКСК во работни групи за подготовка на предлози на закони, за годините 2019-2021. | ДКСК | | Февруари 2022 год. |
| | | - Информации за примената на методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата во годините 2019-2021. | МИОА | | Јануари 2022 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4) | Политики и практики на превенција на корупцијата<br>Член 5<br>Став 4<br>Државите Страни соработуваат, во согласност со основните принципи на нивниот правен систем, меѓусебно и со регионалните и меѓународните организации надлежни за унапредување и спроведување на мерките предвидени во овој член. Во рамки на таа соработка, тие можат да учествуваат во програми и меѓународни проекти за превенција на корупцијата. | - Информации за проширени надлежности на ДКСК од аспект на меѓународна соработка;<br>- Информација за потпишаниот Меѓународен договор за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба. | МП | | Ноември 2021 год. |
| | | - Податоци за склучена соработка за превенција на корупција со институции од други држави, регионални и меѓународни организации и учество во меѓународни и регионални програми/проекти во периодот 2019-2021 година. | ДКСК | | Јануари 2022 год. |
| 5) | Орган или органи за превенција на корупцијата<br>Член 6<br>Став 1<br>Секоја Држава Страна обезбедува, во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, постоење на еден или повеќе органи, според потребата, овластени за превенција на корупцијата на следните начини:<br>а.) Примена на политиките предвидени во членот 5 на оваа Конвенција и, ако е потребно, контрола и координација на таа примена;<br>б.) Зголемување и ширење на знаењата во однос на превенцијата на корупцијата. | - Законски одредби кои утврдуваат механизми на координација на и надзор над имплементација нана националната стратегија;<br>- Законски одредби кои утврдуваат надлежности на ДКСК за следење на имплементацијата на националната стратегија, преземање активности на планот на едукацијата и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси и известување за спроведувањето на мерките за превенција на корупцијата. | МП | | Ноември 2021 год. |
| | | - Податоци за преземени активности на планот на едукацијата и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси; примери и известување за истите, за периодот 2019-2021 година. | ДКСК | | Јануари 2022 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6) | Орган или органи за превенција на корупцијата<br>Член 6<br>Став 2<br>Секоја Држава Страна им доверува на органот или органите предвидени во ставот 1 на овој член , потребна независност, во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, за да им овозможи ефикасно вршење на нивните функции, заштитени од било какви прекумерни влијанија. Треба да им бидат обезбедени материјални извори и потребни специјализирани лица како и обука која на тие лица им е потребна за вршење на нивните функции. | - Законски одредби кои утврдуваат независност на работата на ДКСК и обезбедување на соодветни ресурси за ефективно вршење на нејзините надлежности. | МП | | Ноември 2021 год. |
| | | - Податоци за годишниот буџет на ДКСК, за годините 2019-2021;<br>- Податоци за бројот на вработени лица во Секретаријатот на ДКСК, за годините 2019-2021;<br>- Податоци за спроведени обуки за вработените во Секретаријатот во ДКСК, за годините 2019-2021;<br>- Податоци за обезбедена техничка опрема и други алатки за ефикасно вршење на надлежностите на ДКСК;<br>- Извештаи со оценки за работењето на ДКСК, за годините 2019-2021. | ДКСК | | Јануари 2022 год. |
| 7) | Јавен сектор<br>Член 7<br>Став 1<br>Секоја Држава Страна настојува, ако е потребно и во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, да усвои, да ги зачува или да ги зајакне системите за регрутирање, вработување, задржување, унапредување и пензионирање на функционерите и ако е потребно, на другите државни службеници кои не се избрани, кои:<br>а.) Се засновани врз принципите на ефикасност и транспарентност и врз објективни критериуми како што се заслугите, непристрасноста и способноста;<br>б.) Содржат соодветни постапки за селекција и обука на лицата кои треба да бидат вработени на јавни работни места кои се сметаат за посебно изложени на корупција и ако е потребно, да се обезбеди ротирање на тие работни места;<br>в.) Фаворизираат соодветно наградување и табели за праведен третман, водејќи сметка за нивото на економскиот развој на | - Ажурирање на информациите за одредбите кои се однесуваат на регрутирање, селекција, условите за вработување и жалбени механизми за неуспешни кандидати, плата, други надоместоци и додатоци на плата, обука (специјализирана и анти-корупциска), дефинирање работни места ризични за корупција (критични работни места), ротација, задржување, унапредување и пензионирање на државни службеници и други службени лица кои не се избрани функционери. | МИОА<br>МП<br>МВР<br>УФП<br>ЦУ<br>УФР | | Декември 2021 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Државата Страна;<br>г. ) Фаворизираат понуда на програми за едукација и обука што ќе им овозможат нивните функции да ги вршат на коректен начин и чесно и да им овозможат соодветна специјализирана обука која однапред ќе ги подготви за ризиците од корупција поврзани со нивните функции. Овие програми можат да се однесуваат на кодексите и нормите на однесување во соодветните области. | | | | |
| 8) | Јавен сектор<br>Член 7<br>Став 2<br>Секоја Држава Страна предвидува, исто така, усвојување на законски и соодветни административни мерки, усогласени со целите на оваа Конвенција и во согласност со основните принципи на нејзиното внатрешно право, заради утврдување на критериуми за кандидирање и избор за јавна функција. | - Ажурирање на текстот во делот на одредбите од Изборниот законик. | МП | | Декември 2021 год. |
| 9) | Јавен сектор<br>Член 7<br>Став 3<br>Секоја Држава Страна предвидува и усвојување законски и соодветни административни мерки, усогласени со целите на оваа Конвенција и во согласност со основните принципи на нејзиното внатрешно право, заради зголемување на транспарентноста на финансирањето на кандидатурите за изборна јавна функција и ако е потребно, на финансирањето на политичките партии. | - Ажурирање на текстот во делот на одредбите од Изборниот законик. | МП | | Декември 2021 год. |
| 10) | Јавен сектор<br>Член 7<br>Став 4<br>Секоја Држава Страна, настојува, во согласност со основните принципи на нејзиното внатрешно право, да усвои, да ги задржи и да ги зајакне системите кои фаворизираат транспарентност и спречуваат конфликт на интереси. | - Ажурирање на текстот во делот на законските одредби кои се однесуваат на мерките за спречување судир на интереси и транспарентност на интересите. | МП | | Декември 2021 год. |
| | | - Информации за спроведени мерки за транспарентност на интересите, вклучително и за системот за пријавување на интереси, статистички податоци за објавени изјави на интереси, формирани и решение предмети за судир на интереси, во годините 2019-2021;<br>- Одржани обуки на тема | ДКСК | | Февруари 2022 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | спречување судир на интереси. | | | |
| 11) | Кодекс на однесување на државните службеници<br>Член 8<br>Ставови 1, 2 и 3<br>1. Заради борба против корупцијата, секоја Држава страна го охрабрува особено интегритетот, чесноста и одговорноста кај нејзините државни службеници, во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем.<br>2. Посебно, секоја Држава Страна настојува да ги применува, во рамки на нејзините сопствени институционални и правни системи, кодексите и нормите на однесување заради коректно, чесно и соодветно вршење на јавните функции.<br>3. Заради примена на одредбите на овој член, секоја Држава Страна спроведува, ако е потребно и во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, соодветни иницијативи на регионалните, меѓурегионалните и мултилатералните организации, како што е<br>Меѓународниот кодекс за однесување на службеници што вршат јавни функции, приложен кон Резолуцијата 51/59 на Генералното собрание, на ден 12 декември 1998 година. | - Ажурирање на податоците за етичките кодекси, особено со податоци за механизмите со кои се осигурува нивна спроведливост. | КЗПВ<br>МП<br>МВР<br>УФП<br>ЦУ<br>УЈП<br>УФР | Собрание<br>ЈОРМ<br>ССРМ | Јануари 2022 год. |
| 12) | Кодекс на однесување на државните службеници<br>Член 8<br>Став 4<br>Секоја Држава Страна предвидува, исто така, во согласност со основните принципи на нејзиното внатрешно право, спроведување на мерки и системи кои можат да им помогнат на државните службеници да им сигнализираат на надлежните органи дела на корупција кои ги забележале при вршењето на нивните функции. | - Ажурирање на податоци за спроведени обуки и други активности за јакнење на познавањето на Законот за заштита на укажувачи и на свеста за улогата на укажувачите. | МП | ДКСК<br>МИОА | Јануари 2022 год. |
| | | - Статистички податоци за пријави од укажувачи и преземени активности за заштита на укажувачи. | ДКСК | | Февруари 2022 год. |
| 13) | Кодекс на однесување на државните службеници<br>Член 8<br>Став 5<br>Секоја Држава Страна настојува, ако е можно и во согласност со | - Ажурирање на текстот во делот на законските одредби кои се однесуваат на пријавувањето на имотна состојба и интереси и | МП | | Ноември 2021 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | основните принципи на нејзиното внатрешно право, спроведување мерки и системи кои ќе ги обврзат државните службеници да им ги пријават на надлежните органи сите надворешни активности, секое вработување, секое распоредување, секој имот и секој подарок или значителна корист, од каде може да резултира конфликт на интереси со нивните функции на државен службеник. | правилата кои се подароци. | | | |
| | | - Статистички податоци и примери за пријавување имотна состојба и интереси;<br>- Статистички податоци и примери за проверка на имотна состојба и интереси, евиденција на податоци и постапување по предмети во врска со тие проверки. | ДКСК | | Февруари 2022 год. |
| 14) | Кодекс на однесување на државните службеници<br>Член 8<br>Став 6<br>6. Секоја Држава Страна предвидува преземање, во согласност со основните принципи на нејзиното внатрешно право, дисциплински и други мерки против државните службеници кои ги прекршуваат кодексите и нормите востановени врз основа на овој член. | - Ажурирање на текстот во делот на одредбите врз основа на кои се утврдува одговорност и мерки за утврдена одговорност за прекршување на кодексите или стандардите за пријавување имотна состојба, интереси и подароци и правилата против судир на интереси. | МП | МИОА | Декември 2021 год. |
| | | - Статистички податоци за изречени санкции во случаи на прекршување на етичките правила и одредбите за пријавување имотна состојба, интереси и подароци и правилата против судир на интереси. | ДКСК<br>МВР<br>МП<br>УФП<br>ЦУ<br>УЈП<br>УФР | Собрание<br>ССРМ<br>ЈОРМ | Февруари 2022 год. |
| 15) | Јавни набавки и управување со јавните финансии<br>Член 9<br>Став 1<br>1. Секоја Држава Страна презема, во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, потребни мерки за спроведување на соодветни системи на јавни набавки што ќе бидат | - Ажурирање на текстот во делот на одредбите од Законот за јавни набавки и дадените примери на Известајност, вклучително и статистичките податоци за годините 2018-2021. | МФ | | Јуни 2022 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | засновани на транспарентност, конкуренција и објективни критериуми за донесување на одлуки и кои ќе бидат ефикасни и за превенција на корупцијата. Овие системи, за чија примена можат да бидат земени во предвид почетни вредности, предвидуваат особено:<br>а.) Јавно ширење на информации за постапките за јавните набавки и договорите како и информации за поканите за тендери и соодветни информации за доделување на договорите, оставајќи доволно време на потенцијалните понудувачи да ги подготват и поднесат нивните понуди;<br>б.) Утврдување однапред на услови за учество, како и критериуми за селекција и учество и на правила за жалби на понудите, и нивно објавување;<br>в.) Употреба на објективни и однапред утврдени критериуми за донесување одлуки за јавните набавки за да се олесни подоцнежната контрола на коректната примена на правилата или постапките;<br>г.) Ефикасен внатрешен систем на ревизија, како и ефикасен систем на жалба, кој гарантира право на правни лекови во случај на непочитување на правилата или на постапките утврдени во согласност со овој став;<br>д.) Ако е потребно, мерки за регулирање на прашањата во однос на лицата одговорни за јавните набавки, како што е барањето изјава за камата за некои јавни набавки, постапки за селекција на споменатите лица и барања во материјата на обуката. | - Ажурирање на текстот во делот на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и Законот за спречување судир на интереси. | МП | | Декември 2021 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16) | Јавни набавки и управување со јавните финансии<br>Член 9<br>Ставови 2 и 3<br>2. Секоја Држава Страна презема, во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, соодветни мерки за унапредување на транспарентноста и одговорноста во вршењето на јавните финансии. Овие мерки содржат особено:<br>а.) Постапки за усвојување на националниот буџет;<br>б.) Навремено информирање за расходите и приходите;<br>в.) Систем на норми за усогласеност и ревизија, и на контрола во втор степен;<br>г.) Ефикасни системи на управување со ризиците и внатрешна контрола; и<br>д.) Ако е потребно, мерки за корекција во случај на неисполнување на барањата од овој став.<br>3. Секоја Држава Страна презема, во согласност со основните принципи на нејзиното внатрешно право, граѓански и административни мерки потребни за зачувување на целокупноста на сметководствените книги, финансиските состојби или други документи што се однесуваат на расходи и јавни приходи и за да се спречат фалсификувања. | - Ажурирање на текстот во делот на Законот за јавна внатрешна контрола;<br>- Ажурирање на примерите и статистичките податоци, за годините 2018-2021 година. | МФ | | Јануари 2022 год. |
| 17) | Информирање на јавноста<br>Член 10<br>Точка а)<br>Водејќи сметка за неопходноста на корупцијата, секоја Држава Страна презема, во согласност со основните принципи на нејзиното внатрешно право, потребни мерки за зголемување на транспарентноста на нејзината јавна администрација, како и на нејзината организација, функционирање и одлучувачки процеси. Овие мерки можат да вклучат особено:<br>а.) Усвојување на постапките или процеси кои им овозможуваат на корисниците пристап кон информации за организацијата и постапките на одлучување на јавната администрација, како и прописно водејќи сметка за заштитата на приватниот живот и на личните податоци, за одлуките и правните акти што на нив се однесуваат; | - Ажурирање на делот од текстот кој се однесува на законските одредби, примерите и статистичките податоци за годините 2020-2021 год. | МП | МИОА<br>АЗПСПИЈК | Јануари 2022 год. |
| 18) | Информирање на јавноста<br>Член 10<br>Точка б) | - Ажурирање на текстот кој се однесува на преземените мерки за олеснување на управните | МИОА | | Јануари 2022 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Водејќи сметка за неопходноста на корупцијата, секоја Држава Страна презема, во согласност со основните принципи на нејзиното внатрешно право, потребни мерки за зголемување на транспарентноста на нејзината јавна администрација, како и на нејзината организација, функционирање и одлучувачки процеси. Овие мерки можат да вклучат особено: (…)<br>б.) Поедноставување, ако е потребно, на административните постапки заради полесен пристап на корисниците до надлежните органи кои одлучуваат, и | постапки и ажурирање на дадените примери, за годините 2018-2021. | | | |
| 19) | Информирање на јавноста<br>Член 10<br>Точка в)<br>Водејќи сметка за неопходноста на корупцијата, секоја Држава Страна презема, во согласност со основните принципи на нејзиното внатрешно право, потребни мерки за зголемување на транспарентноста на нејзината јавна администрација, како и на нејзината организација, функционирање и одлучувачки процеси. Овие мерки можат да вклучат особено: (…)<br>в.) Објавување на информациите, евентуално и на периодични извештаи за ризиците од корупцијата во доменот на јавната администрација. | - Ажурирање на текстот кој се однесува на преземените мерки за унапредување на извештајноста. | МП | ДКСК | Јануари 2022 год. |
| 20) | Мерки што се донесуваат на судиите и органите на гонење<br>Член 11<br>Став 1<br>Водејќи сметка за независноста на магистратите и нивната важна улога во борбата против корупцијата, секоја Држава Страна презема, во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, мерки за зајакнување на нивниот интегритет и за спречување на можностите за нивно поткупување, без да се наштети на нивната независност. Овие мерки можат да содржат правила за нивно однесување. | - Ажурирање на делот од текстот кој се однесува на законските одредби, примерите и статистичките податоци за годините 2018-2021. | МП | ССРМ<br>АСЈО | Јануари 2022 год. |
| 21) | Мерки што се донесуваат на судиите и органите на гонење<br>Член 11<br>Став 2<br>Мерки во ист правец како оние што се преземаат за примена на ставот 1 на овој член можат да бидат востановени и применети во рамки на органите на гонење во Државите страни каде тие формираат посебно тело, но кое има слична независност како и судиите. | - Ажурирање на делот од текстот кој се однесува на законските одредби, примерите и статистичките податоци за годините 2018-2021. | МП | ЈОРМ<br>АСЈО | Февруари 2022 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22) | Приватен сектор<br>Член 12<br>Ставови 1 и 2<br>1. Секоја Држава Страна презема, во согласност со основните принципи на нејзино внатрешно право, мерки за превенција на корупција во приватниот сектор, за јакнење на стандардите на усогласеност и контрола во приватниот сектор и ако е потребно, предвидува ефикасни, сразмерни и пропишани граѓански, административни или кривични санкции во случај на непочитување на мерки.<br>2. Мерките кои овозможуваат постигнување на овие цели можат особено да вклучуваат:<br>а.) Унапредување на соработката меѓу органите на откривање и казнување и соодветните приватни ентитети;<br>б.) Унапредување на подготовката на прописите и постапките за зачувување на интегритетот на соодветните приватни ентитети, како и на кодексите на однесување за да претпријатијата и сите професии ги вршат нивните активности на коректен, чесен и соодветен начин, за да се спречат конфликтите на интереси и за да се охрабри примената на добрите комерцијални практики меѓу претпријатијата како и во нивните договорни односи со Државата;<br>в.) Унапредување на транспарентноста меѓу приватните ентитети, вклучувајќи ако е соодветно и мерки што се однесуваат на идентитетот на физичките и правните лица вклучени во формирањето и управувањето со заедниците;<br>г.) Спречување на несоодветно користење на постапките за уредување на приватните заедници, како и постапките за субвенции и лиценци доделени од државни органи за комерцијални активности;<br>д.) Спречување на конфликти на интереси со поставување, ако е соодветно и за разумен период, на забрани за вршење на професионални активности од страна на поранешни државни службеници или на вработување од приватниот сектор на државни службеници после нивната оставка или заминување во пензија, кога споменатите активности или вработувања се директно поврзани со функциите што тие поранешни државни службеници ги вршеле или контролирале кога биле на работа;<br>ѓ.) Обезбедување над приватните претпријатија, водејќи сметка за нивната структура и број, доволно внатрешна контрола за да се | - Ажурирање на делот од текстот кој се однесува на законските одредби, примерите и статистичките податоци за годините 2018-2021. | МП<br>МФ<br>МЕ | КЗПВ<br>ДКСК<br>МЕ | Февруари 2022 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | олесни превенцијата и откривањето на делата на корупција и подложување на сметките и бараните финансиски состојби на овие приватни претпријатија на соодветни постапки на контрола и заверка. | | | | |
| 23) | Приватен сектор<br>Член 12<br>Став 3<br>За да се спречи корупцијата, секоја Држава Страна презема потребни мерки, во согласност со нејзините закони и внатрешни правила што се однесуваат на чување на книгите и сметководствените состојби, објавување на информации за финансиските состојби и сметководствени прописи и контроли, за да се оневозможи понатамошно дејствување со цел да се изврши некое од делата утврдени согласно оваа Конвенција:<br>а.) Востановување на сметки надвор од книгите;<br>б.) Операции надвор од книгите или недоволно идентификувани;<br>в.) Регистрирање на непостоечки расходи;<br>г.) Регистрирање елементи на средства чија цел не е коректно идентификувана;<br>д.) Употреба на лажни документи; и<br>ѓ.) Намерно уништување на сметководствени документи. | - Ажурирање на делот од текстот кој се однесува на законските одредби, примерите и статистичките податоци за годините 2018-2021. | МЕ<br>МФ | МП | Декември 2022 год. |
| 24) | Учество на општеството<br>Член 13<br>Став 1<br>Секоја Држава Страна презема соодветни мерки, во рамки на нејзините можности и во согласност со принципите на нејзиното внатрешно право, за да го помогне активното учество на поединците и групите кои не припаѓаат на јавниот сектор, како што е граѓанското општество, невладините организации и здруженија на граѓани, во превенцијата на корупцијата и во борбата против овој феномен, како и подобро да ја информира јавноста за постоењето, причините и тежината на корупцијата и заканата што таа ја претставува. Ова учество треба да биде зајакнато со цврсти мерки особено за:<br>а.) Зголемување на транспарентноста на постапките на одлучување и унапредување на учеството на јавноста во овие процеси;<br>б.) Обезбедување ефикасен пристап на јавноста до информациите;<br>в.) Преземање активности за информирање на јавноста, поттикнувајќи ја да не толерира корупција, како и програми за | - Ажурирање на делот од текстот кој се однесува на законските одредби, примерите и статистичките податоци за годините 2018-2021. | МП | КЗПВ<br>ДКСК<br>МОН<br>МВР<br>МИОА<br>ЦУ<br>УЈП<br>УФП | Февруари 2022 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | едукација на јавноста, особено во училиштата и универзитетите;<br>г.) Почитување, унапредување и заштита на слободата на истражување, примање, објавување и доставување на информации за корупцијата. На оваа слобода може да се стават определени ограничувања, кои треба секогаш да бидат предвидени во закон и потребни:<br>i.) За почитување на правата и угледот на другите;<br>ii.) За заштита на националната безбедност «I на јавниот ред, или на здравјето или јавниот морал. | | | | |
| 25) | Учество на општеството<br>Член 13<br>Став 2<br>Секоја Држава Страна презема соодветни мерки за да обезбеди надлежните органи за превенција на корупцијата споменати во оваа Конвенција да и бидат познати и достапни на јавноста, за да сите сомнителни активности кои можат да се сметаат како конститутивен дел на дело утврдено во согласност со оваа Конвенција можат да им бидат сигнализирани, вклучувајќи ги и анонимните. | - Ажурирање на делот од текстот кој се однесува на законските одредби, примерите и статистичките податоци за годините 2018-2021 | МП | КЗПВ<br>ДКСК<br>МОН<br>МВР<br>МИОА<br>ЦУ<br>УЈП<br>УФП | Февруари 2022 год. |
| 26) | Мерки за спречување на перењето на пари<br>Член 14<br>1. Секоја Држава Страна:<br>а.) Востановува комплетна внатрешна регулатива за уредување и контрола на банките и финансиските не банкарски институции, вклучувајќи ги и физичките или правните лица кои вршат формални или неформални услуги на трансмисија на пари или вредности како и други ентитети посебно изложени на перење на пари, во рамки на нејзината надлежност, за да се обесхрабрат и откријат сите форми на перење на пари. Овој режим ги потенцира барањата во материјата на идентификување на клиентите и ако е можно, на носителите на економски права, регистрирања на операции и изјави за сомнителни операции.<br>б.) Се обезбедува, без да се наштети на членот 46 од оваа Конвенција, дека административните органи, за регулирање, откривање и казнување и другите органи овластени за борба против перењето на пари (вклучувајќи ги, во случаите кога нејзиното внатрешно право тоа го предвидува, и судските органи) се во можност да соработуваат и разменуваат информации на национално и меѓународно ниво, под услови утврдени во | - Ажурирање на делот од текстот кој се однесува на законските одредби, примерите и статистичките податоци за годините 2018-2021. | УФР | ЦУ<br>НБРМ | Јануари 2022 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | нејзиното внатрешно право и за таа цел, предвидува формирање служба за финансиско информирање како одделение на националниот центар за прибирање, анализа и доставување на информации што се однесуваат на евентуални операции на перење на пари.<br>2. Државите Страни предвидуваат спроведување на остварливи мерки за откривање и контрола на прекуграничното движење на готови пари и на преговарачки инструменти под услов на гаранции кој ќе овозможат коректна употреба на информациите и без да се спречи во никој случај прометот на дозволен капитал посебно можат да бидат задолжени поединци или претпријатија да го пријават прекуграничниот трансфер на значителни количества на готови пари и соодветни преговарачки инструменти.<br>3. Државите Страни предвидуваат спроведување на соодветни и остварливи мерки со кои се бара од финансиските институции, како и заедници за<br>трансфер на пари:<br>а.) Да забележуваат на формуларите и во пораките што се однесуваат на електронски трансфер на пари, точни и корисни информации за наредбодавецот;<br>б.) Да ги чуваат овие информации во текот на целото плаќање; и<br>в.) Да вршат зголемен надзор над трансферот на пари кој не е придружен со комплетни информации за наредбодавецот.<br>4. Во случај кога тие востановиле внатрешен режим на уредување и контрола врз основа на овој член, а без да се наштети на било кој друг член на оваа Конвенција, Државите Страни се повикуваат да се инспирираат од соодветните иницијативи преземени од регионалните, меѓурегионалните и мултилатералните организации за борба против перењето на пари.<br>5. Државите Страни настојуваат да развијат и унапредат глобална, регионална, субрегионална и билатерална соработка помеѓу судските органи, органите за откривање и казнување и органите за финансиско уредување во поглед на борбата против перењето на пари. | | | | |
| 27) | Општа одредба<br>Член 51<br>Враќањето на имотот со примена на оваа глава е еден од основните принципи на оваа Конвенција, и Државите Страни во тој поглед меѓусебно си пружаат најшироко соработка и помош. | - Ажурирање на делот од текстот кој се однесува на законските одредби, примерите и статистичките податоци за годините 2018-2021. | МП | | Јануари 2022 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 28) | Превенција и откривање на трансфер на приноси од кривично дело<br>Член 52<br>Став 1-4<br>1. Без да се влијае на членот 14 на оваа Конвенција, секоја Држава Страна презема, во согласност со нејзиното внатрешно право, потребни мерки финансиските институции согласно нивните надлежности да го проверуваат идентитетот на клиентите и да преземаат разумни мерки за определување на идентитетот на носителите на економските права на износите депонирани на големи сметки, како и да вршат зајакнат надзор над сметките на лицата кои вршат или вршеле значајни јавни функции и на членовите на нивните семејства и блиски соработници. Овој надзор се определува заради откривање на сомнителните акции со цел да се информираат надлежните органи и не би требало да се толкува како средство за обесхрабрување на финансиските институции или како забрана да одржуваат службени односи со легитимните клиенти.<br>2. За да се олесни примената на мерките предвидени во ставот 1 на овој член, секоја Држава Страна, во согласност со нејзиното внатрешно право и инспирирајќи се од соодветните иницијативи на регионалните, меѓурегионалните и мултилатералните организации за борба против перењето на пари:<br>а.) објавува основни насоки за видовите на физички или правни лица врз чии сметки финансиските институции согласно нивните надлежности треба да вршат зајакнат надзор, видовите на сметките и трансакциите на кои треба да обрнат посебно внимание, како и мерките што треба да се преземат во однос на отворањето на таквите сметки, нивното чување и регистрирање на трансакциите; и<br>б.) ако е соодветно, ги информира финансиските институции согласно нивните надлежности, на барање на некоја друга Држава Страна или на сопствена иницијатива, за идентитетот на физичките или правните лица над чии сметки тие треба да вршат зајакнат надзор, покрај лицата што финансиските институции би можеле поинаку да ги идентификуваат.<br>3. Во контекст на алинеата а.) на ставот 2 на овој член, секоја Држава Страна применува мерки за да финансиските институции задржат адекватни состојби, за еден соодветен период, на сметките и трансакциите на лицата наведени во ставот 1 на овој | - Ажурирање на делот од текстот кој се однесува на законските одредби, примерите и статистичките податоци за годините 2018-2021. | УФР | МФ | Февруари 2022 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | член, кои состојби треба да содржат, најмалку, информации за идентитетот на клиентот како и во рамки на можностите, за носителите на економското право.<br>4. За да се спречи и открие трансферот на приносите од делата утврдени во согласност со оваа Конвенција, секоја Држава Страна применува соодветни и ефикасни мерки за да го спречи, со помош на органите за уредување и контрола, формирањето на банки кои не се физички присутни и кои не се членки на некоја финансиски уредена група. Покрај тоа, Државите Страни можат да предвидат да бараат од нивните финансиски институции да одбијат востановување или продолжување на односи на соодветната банка со таквите институции и да се воздржат од востановување односи со странски финансиски институции кои дозволуваат нивните сметки да бидат користени од банки кои не се физички присутни и кои не се членки на некоја финансиски уредена група. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
